Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 април 2024 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за уважување на приговор**

1. Приговорот на ДПТУ СВЕ-ТРАГ ДООЕЛ Кавадарци УП2 09-332/23 од 10 ноември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 10-247 од 5 октомври 2023 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 10-247 од 5 октомври 2023 година СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

ДПТУ СВЕ-ТРАГ ДООЕЛ Кавадарци до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-332/23 од 10 ноември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 10-247 од 5 октомври 2023 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на фотонапонска електроцентрала со инсталирана моќност од Ped = 49,5kW.

Ова е трета постапка по Приговор поднесен за истата фотонапонска електроцентрала од страна на жалителот, за кој е донесено Решение за уважување УП2 09-216/22 од 29 декември 2022 и 09-103/23 од 14 август 2023 година.

Според Електродистрибуција - во предметната област има приклучено повеќе фотонапонски електроцентрали (ФЕЦ) согласно доставениот допис од општина Демир Капија бр. УП 10 5094/1 од 07.06.2015 година и нема капацитет за приклучување на дополнителни потенцијални ФЕЦ. Со дополнително приклучување ќе биде нарушена работата на електродистрибутивниот систем.

Во оваа област има голем интерес за приклучување на ФЕЦ и усвоено техничкото решение е изградба на нова трафостаница ТС 110/Х. За ова техничко решение известена е и Општината и со заеднички напори општина Демир Капија и Електродистрибуција работат на ова техничко решение.

По реализација на ова техничко решение ќе бидат обезбедени услови за приклучок на потенцијалните ФЕЦ.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 28 февруари 2024 година се разгледуваше следната документација:

-Приговор УП2 09-332/23 од 10 ноември 2023 година со прилог:

- Полномошно од жалителот за Адвокат Петре Мишков од Кавадарци

- Приговараното Решение

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 12 февруари 2024 година со прилог:

-- Приговараното Решение

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Согласно член 93 став (2) од Законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. 96/18 и Службен весник на РСМ бр. 96/19 и 236/22) операторот на електродистрибутивниот систем е одговорен за одржување, надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа како и за функционирање на електродистрибутивниот систем и е должен да обезбеди негово поврзување со електропреносниот систем.

Согласно став (3) точка 2) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем со којшто управува, на недискриминаторен и транспарентен начин, и во согласност со пропишаниот квалитет.

Согласно став (3) точка 3) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да ги приклучи производителите и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–332/23**
**18 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**